**20241262247**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Со цел олеснување на преминувањето на државната граница од страна на патници, врз основа на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското езеро („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.201/23) и член 35 став 1 алинеите 3 и 5 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10, 41/14, 148/15, 55/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22 и 19/23), Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во согласност со Министерството за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и утврдена согласност на Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, како надлежен орган на соседната држава донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

I. СЕ ОПРЕДЕЛУВА привремен граничен премин „Свети Наум“, со цел олеснување на преминувањето на државната граница на патници за преминување на државната граница по воден пат и престој на територијата на Република Северна Македонија и Република Албанија во периодот од 15.06.2024 година до 01.10.2024 година.

II.МЕСТО НА ЛОЦИРАЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин е лоциран на пристаништето на местото викано „Свети Наум“ – Општина Охрид на заедничката граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

III. ВРЕМЕ НА РАБОТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин се определува да работи во периодот од 15.06.2024 година до 01.10.2024 година со работно време од 08,00 до 20,00 часот.

IV. ОБЕМ НА КОРИСТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Лицата кои во наведениот период имаат намера да ја преминат државната граница преку овој привремен граничен премин со себе можат да носат само предмети наменети исклучиво за лична употреба.

Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стока преку државната граница која подлежи на плаќање царина, данок или други давачки.

### V. НАЧИН НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши непосредно од страна на лица кои се наоѓаат на списокот со податоците за членовите на екипажот и патниците кои се наоѓаат на пловниот објект, согласно Меморандумот за соработка меѓу Царинската управа на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски – Капетанија на пристаништата - Охрид бр.02-001648/14-0001 од 10.01.2014 година и бр.33-03/1 од 14.01.20214 година.

## VI. УСЛОВИ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин, потребно е лицето да поседува валиден патен документ (лична карта или пасош) издаден согласно националното законодавство од надлежен државен орган на државата од која доаѓа, од кој може да се утврди неговиот идентитет како и да ги исполнува општите и посебните услови предвидени со закон за влез и излез од територијата на Република Северна Македонија.

## VII. ТРОШОЦИ

Трошоците согласно член 35 став 4 од Законот за гранична контрола за определување и работење на привремениот граничен премин се на товар на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

VIII. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото потпишување, и истото ќе биде објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Министерство за финансии
Царинска управа
Директор,
**Стефан Богоев**, с.р.

Бр. 02-032214/24-0002
11 јуни 2024 година
Скопје

Министерство
за внатрешни работи
Министер,
м-р **Nazim Bushi**, с.р.

Бр. 23.6-60888/1
10 јуни 2024 година
Скопје